**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р Северна Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
www.rsm.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје**

## Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје (Банката) коишто го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2022 година и Билансот на успех, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во капиталот и Извештајот за паричниот тек за годината којашто завршува тогаш, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

### *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија коишто се во примена во Република Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување постапки за прибавување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата, исто така, вклучува и оценка на соодветноста на користените



РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење со резерва.

## Основа за мислење со резерва

**Кредити на и побарувања од други коминтенти**

Како што е обелоденето во белешка 22.2 кон придружните финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2022 и 2021 година, нето-сметководствената вредност на кредитите на и побарувања од други коминтенти изнесува 7.431.375 илјади денари и 7.315.790 илјади денари соодветно. Врз основа на спроведените ревизорски процедури, претходниот ревизор идентификувал дека, согласно со Одлуката за управување со кредитниот ризик пропишана од страна на Народна банка на Република Северна Македонија („Одлука“), трошокот за исправка на вредност на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа за годината која заврши на 31 декември 2021 година бил потценет, а финансискиот резултат и кредитите на и побарувањата од други комитенти со состојба на и за годината која заврши на 31 декември 2021 година биле преценети за износ од 32.965 илјади денари. Доколку Банката ја следела пропишаната Одлука заклучно со 31.12.2021 година, кредитите на и побарувањата од другите комитенти на 31 декември 2021 година и на 1 јануари 2022 година би се намалиле за 32.965 илјади денари, а акумулираната загуба на 31 декември 2021 година и 1 јануари 2022 година би се зголемила за истиот износ. Исправката на вредност на износ од 32.965 илјади денари се однесува на три кредитни изложености, од кои две кредитни изложености се затворени во текот на 2022 година. Следствено, исправката на вредност на финансиските средства на нето-основа за годината која заврши на 31 декември 2022 година би се намалила, а добивката за годината би се зголемила за ефектот на идентификуваната неусогласеност од претходниот ревизор за 2021 година, во износ од 32.965 илјади денари.

## Мислење со резерва

Освен за ефектот од прашањето на кое се укажува во пасусот Основа за мислење со резерва, финансиските извештаи ја презентираат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Централна кооперативна банка АД Скопје, заклучно со 31 декември 2022 година, како и нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија.

## Други прашања

Финансиските извештаи за претходнатата 2021 година се ревидирани од страна на друг ревизор, кој изразил мислење со резерва.



РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

## Извештај за други правни и регулативни барања

**Годишен извештај за работењето**

Менаџментот на Друштвото, исто така, е одговорен за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата деловна година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

**Мислење**

Според наше мислење, финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни со оние во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Банката за годината што заврши на 31 декември 2022 година.

*Скопје, 24.04.2023*

| | |
|---|---|
| Овластен ревизор, | РСМ МАКЕДОНИЈА Скопје, |
| Стојан Јорданов | Јаглика Јорданова Андријеска |

RSM
Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

**THE POWER OF BEING UNDERSTOOD**

AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.